| Неделна тема | Подготовка на шумските животни за зима |
|---|---|
| **Содржина на денот** | Болното мече |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Снежана Цветковска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за правилно миење на рацете, една од најважните мерки за спречување, ширење на вируси и бактерии. (слика 1) |
| **Активност** | Поведете разговор со детето за редовното одржување на хигиената и соодветната облека според временските услови.<br>Поттикнете го преку прашања да каже како треба да го чуваме здравјето.<br>Понудете му ги приложените слики 2, 3, 4 и 5 (една по една), нека ги набљудува и опише што гледа на сликите.<br>Поттикнете го детето заедно да составите приказна за болното мече при тоа ставете акцент на причините зошто се разболело и како оздравело. (слика 6)<br>Дозволете му на детето да донесе заклучок како треба да се чува здравјето (редовна хигиена, соодветна облека, здрава храна и престој на свеж воздух).<br>- Подвижна игра „Гладното мече “- потикнете го детето да покаже како се движи мечката, а играта може да ја надополните со поставување на импровизирана пештера и поставување овошје кое детето подоцна и ќе го изеде - мечето јаде. |